***Преглед на литературата за влијанието на дознаките од странство врз образованието и здравјето на членовите на семејствата останати дома***

Исилда Мара,

Едлира Наразани,

Низамедин Шабан,

Ана Стојиловска,

Ислам Јусуфи,

Соња Зубер[1]

26 Март 2012, Скопје/Тирана

## Апстракт

Важен аспект од дебатата за миграцијата и развојот е влијанието на миграцијата или дознаките од странство врз образовните и здравствените постигнувања во земјата на

[1]Овој труд беше спроведен во рамките на проектот "Миграција и развој во Албанија и Македонија: влијанието на дознаките од странство врз образованието и здравјето на членовите на семејствата останати дома", проект финансиран од страна на Регионалната програма за поддршка на развојот и истражувањата (RRPP) од Швајцарската Агенција за равој и соработка, а имплементиран од ACSER - Албански центар за социо-економски истражувања во Тирана, Албанија, и Аналитика во Скопје, Македонија. Ставовите изразени во овој труд се на авторите и не ги претставуваат ставовите на организациите за кои тие работат. Ве молиме за секоја преписка обратете се на: Ана Стојиловска, Аналитика, истражувачки центар, e-mail: astojilovska@analyticamk.org.

потекло на мигрантите. Согледувајќи ја врската помеѓу дознаките од странство од една страна, и образованието и здравството од друга страна, овој осврт дава одговор на следните прашања: Која е вредноста на миграцијата и дознаките од странство за земјите во развој? Како дознаките од странство влијаат врз перформансите во образованието и здравствените резултати? Последиците од дознаките од странство ги надминаа границите на едноставниот развој. И покрај постоењето на спротивставени погледи, дознаките од странство имаат влијание врз образованието и здравствената заштита во повеќето од земјите во развој. Иако, литературата за вакви студии е недоволна, овој осврт направи напор исцрпно да ги разгледа изворите кои постојат за миграцијата и дознаките од странство во Албанија и Македонија. Додека дознаките од странство можат да влијаат врз домаќинствата со зголемување на готовината со која располагаат (намалување на ликвидосните ограничувања), миграцијата на некој член на семејството исто така, може да има штетно влијание врз благосостојбата на домаќинствата. Краткорочниот ефект на дознаките од странство, обично е поврзан со зголемување на потрошувачката, намалување на сиромаштијата и нееднаквоста на приходите, што резултира со промени во учеството на пазарот на труд. Додека пак. долгорочниот ефект е повеќе важен за социо-економскиот развој и посебно за перформансите во образованието и подобрување на здравствениот статус.

***Клучни зборови: преглед на литературата, миграција, дознаки од странство, образование, здравје, Албанија, Македонија***

## Вовед

Во последниве години, драстично е зголемена миграцијата од сиромашни во развиени земји, тренд кој се предвидува да се зголемува и во догледна иднина. Овој голем пораст на бројот на меѓународните мигранти во светот предизвика особено внимание во политичките кругови и доведе до обновување на истражувачкото внимание за развојните влијанија на миграцијата. На пример, “Global Economic Prospects“ на Светската Банка во 2006-тата година беа целосно посветени на истражување на "Економските импликации на дознаките од странство и миграцијата" (Светска банка, 2005). Еден важен аспект на дебатата за миграцијата и развојот се однесува на влијанието на миграцијата врз образовните и здравствените постигнувања во родните земји на мигрантите. За многу земји, вклучувајќи ги и Албанија и Македонија, дознаките од странство се меѓу најважните извори на надворешно финансирање, покрај извозот и странските директни инвестиции. Дознаките од странство се меѓу најголемите извори на надворешен приход и служат како ублажување на економските и политичките турбуленции предизвикани од транзицијата. Дознаките од странство имаат позитивно влијание врз макроекономскиот раст и претставуваат важен извор на девизи за овие земји.

Главната цел на овој осврт е да ја идентификува и разгледа достапната литература за влијанието на дознаките од странство врз образованието и здравјето на членовите на семејствата останати дома. Овој осврт настојува да придонесе со давање одговор на прашањето како сегашната литература го проучува влијанието на дознаките од странство врз здравјето и перформансите во образованието. Согледувајќи ја врската помеѓу

дознаките од странство од една страна, и образованието и здравството од друга страна, овој осврт се однесува на следните прашања: Кое е значењето на миграцијата и дознаките од странство за земјите во развој? Како дознаките од странство влијаат врз перформансите во образованието и здравствените резултати?

Идентификацијата на пишаните извори е важна задача која произлегува од потребата да се одговори на прашањето дали дознаките од странство имаат влијание врз образованието и здравјето на членовите на семејствата останати дома. Овој осврт може да обезбеди методи за подобро разбирање на динамиката помеѓу дознаките од странство и образованието и здравството. Обидот да се претстави можното влијание на овие сили во различни места може да биде корисен во разбирањето на промените, а потоа и во планирањето на политичките одговори.

Овој осврт се сосредоточува на последиците и промените во образованието и здравството како резултат на дознаките од странство. Последиците од дознаките од странство ги надминаа границите на едноставниот развој. Иако, влијанието е различно во различни ситуации, има уште многу да се научи од овие примери. И покрај постоењето на спротивставени погледи, дознаките од странство имаат влијание врз образованието и здравството во повеќето земји од земјите во развој.

Податоците користени во овој осврт се од неколку извори. Главниот извор на овој осврт ги вклучува информациите од книги, записници, списанија, аналитички извештаи, и од кратки истражувања. Овој аналитички осврт е составен од следните основни делови: Делот 1 се однесува на општата литература за влијанието на дознаките од странство кај земјите во развој. Глобалната анализа открива дека влијанието на дознаките од странство е измешано.

Деловите 2 и 3 ја разгледуваат литературата која посветува посебно внимание на дознаките од странство и нивното влијание врз образованието и здравствената заштита, соодветно.

Делот 4 посветува особено внимание на литературата која се однесува за нашата студија на случај за Албанија и Македонија. Иако, литературата за вакви случаи е недоволна, овој осврт направи напор исцрпно да се прегледаат сите литературни извори кои постојат за миграцијата и дознаките од странство за Албанија и Македонија.

Делот 5 завршува со резиме на резултатите од литературниот преглед.

## За проектот

"Миграција и развој во Албанија и Македонија: влијанието на дознаките од странство врз образованието и здравјето на членовите на семејствата останати дома", проект финансиран од страна на Регионалната програма за поддршка на развојот и истражувањата (RRPP) од Швајцарската Агенција за равој и соработка, за периодот од 2012-2013 година, а имплементиран од страна на ACSER - Албански центар за социо-

економски истражувања во Тирана, Албанија и Аналитика од Скопје, Македонија. Овој проект има за цел да ја испита хипотезата, дека постои позитивно влијание од дознаките од странство врз образованието и здравјето на децата како резултат на зголемување на готовината со која располагаат семејствата (намалување на ликвидносните ограничувања), и затоа треба да бидат промовирани политиките што ги намалуваат овие ограничувања. Познат е фактот дека овие две мали земји во развој (Албанија и Македонија) се карактеризираат со висока стапка на зависност од дознаките од странство. Затоа, акумулираното знаење од ова истражување ќе биде важно не само на национално, туку и на регионално ниво. Резултатот од ова истражување ќе биде: 1 - Две бази со податоци од истражувањето; 2 - три работни документи; 3 - организација на регионална работилница; 4 – еден аналитички извештај кој од главните заклучоци ќе ги истакне важните прашања и препораки за идните политики. Неколку политички импликации можат да се изведат од оваа студија. Позитивното влијание на дознаките од странство врз резултатите во образованието и здравјето кај децата ќе ги збогати креаторите на политиките со нови средства за оценка и ќе ги предизвика да воведат нови мерки кои би придонеле за ефикасно насочување на овие финансиски текови.

## Дознаките од странство и нивното значење за развојот

Се повеќе литературата го истражува влијанието на меѓународните дознаки врз сиромашните економии или економиите во развој. Дознаките се проучуваат за да се утврди до кој степен овие текови служат за развивање на општествата во кои мигрантите праќаат средства, вклучувајќи го и зголемувањето на нивото на потрошувачка, обезбедувањето на домување, промовирањето на деловните инвестиции и зголемувањето на достапноста на здравствените и образовните услуги за членовите на семејството останати дома. Дознаките од странство можат да играат важна улога, при обезбедувањето помош во тешки економски времиња, во обезбедувањето бесплатна социјална заштита и поправањето на ограничените интервенции на владината политика. Домаќинствата од дознаките од странство може да имаат корист со зголемувањето на готовината со која тие располагаат (намалување на ликвидносните ограничувања). Но, миграцијата на некој член од семејството, исто така штетно влијание врз благосостојбата на домаќинствата. Отсуството на член од семејството може да го лиши домаќинството од придонесот на мигрантот со неговата вклученост во различни пазарни и непазарни активности, влошувајќи ја состојбата на домаќинството. Затоа, важно е да се испита до кој степен добивките од дознаките од странство ќе придонесат за покривање на загубите што ги претрпело домаќинството од мигрирањето. Во овој контекст, од неодамна, влијанието на меѓународната миграција врз домаќинствата на мигрантите и заедниците од кои потекнуваат, доби поголемо внимание во однос на потенцијалната улога што може да ја има во подобрувањето на животот на членовите на семејството останати дома и во поттикнувањето на локалниот развој во земјите каде мигрираат.

Влијанието на дознаките од странство не е само повеќедимензионално, туку во однос на времетраењето, влијанието може да биде како на краток, така и на долг рок. Lucas (2005) обезбедува опширен преглед на социјално-економските влијанија од дознаките од странство во земјите во развој. Краткорочниот ефект обично е поврзан со зголемување на

потрошувачката, намалување на сиромаштијата и нееднаквоста во приходите, што резултира со промени во учеството на пазарот на труд. Додека долгорочниот ефект е повеќе важен за социо-економскиот развој, а посебно за перформансите во образованието и подобрувањето на здравствениот статус. Mansoor и Quillin (2007) ја документираат историјата на мигрирањето и го посочуваат позитивното влијание на дознаките од странство врз долгорочниот економски раст за земјите примачи. Миграцијата може да им овозможи на мигрантите да научат нови вештини и да ја забрза врската помеѓу прекуграничната трговија и инвестициите и да ги одржува стапките на економски раст и стандардите за живеење. Од друга страна, приливот на дознаките може да го зголеми реалниот девизен курс, наштетувајќи и на конкурентноста. Исто така, нерегистрираните дознаки од странство се особено важни во објаснувањето на континуираниот вишок дефицит на тековната сметка во голем број високо миграциони земји. Бидејќи дознаките од странство, сами од себе, не намалуваат ничиј приход, се верува дека нивното влијание врз сиромаштијата е корисно, а исто така придонесуваат за преобликување на половите односи, односно за жените да станат поактивни во процесот на донесување одлуки.

Зголемениот обем и фрекфенција на дознаките од странство ги зголемија надежите дека овие приливи навистина можат да поттикнат зголемена продуктивна потрошувачка во секторите каде пазарните неуспеси се поизразени и каде последиците од недостатокот на ликвидност најмногу се чувствуваат. Во оваа смисла, значењето на дознаките од странство, при олеснувањето на кредитните ограничувања и обезбедувањето осигурување, е широко прифатено во литературата и е поврзано со „новата економска теорија за миграција“. Од оваа гледна точка, одлуката за мигрирање може да се смета за одлука на целото домаќинство, со тоа што миграцијата, односно дознаките од странство се единствениот механизам за диверзификација на ризикот и пристапот до капитал. (Stark и Levhari, 1982; Stark и Bloom, 1985). На одлуката за мигрирање се гледа како на активен обид од страна на домаќинствата да ги надминат пазарните несовршености за подобрување на способноста на домаќинствата да купат апарати за домаќинство и да инвестираат во продуктивни средства. Сепак, приходот од дознаките од странство, исто така, може да влијае врз одлуките за алокација на трудот меѓу останатите членови, кои можат го пре-алоцират трудот од продуктивни активности кон одмор. Сепак, се очекува дека миграцијата, а и дознаките од странство, ќе ги намалат кредитните ограничувања и ќе ја намалат изложеноста на домаќинствата на ризик, што доведува до трошење на варијабилните инпути и поголемо инвестирање во продуктивни активности. Изворот на дознаките од странство, односно миграцијата, според нео-класичниот модел, е резултат на анализата на трошоци и придобивки која се врши на индивидуално ниво (Sjaastad, 1962; Todaro, 1969; Harris и Todaro, 1970). Потенцијалните мигранти ги споредуваат диференцијалните приходи и трошоци за мигрирање и селење, ако одлуката носи позитивна нето сегашна вредност. Главните импликации според нео-класичниот пристап се дека миграцијата е поттикната од разликите во очекуваниот приход помеѓу различните земји и од трошоците за селење, земајќи ги во предвид сите индивидуи со нивните посебни карактеристики. Овие нео-класични анализи не ги земаат во предвид можните влијанија на миграцијата или дознаките врз семејствата кои испраќаат мигранти. Спротивно од нео-класичната теорија, која имплицитно гледа на миграцијата и економските активности на домаќинствата како замена на ниво на поединец, новата

економска наука за миграцијата ја дозволува можноста дека миграцијата на еден член може да биде замена за економските активности на домаќинството во родната земја, на пример, олеснување на кредитните ограничувања и/или како осигурување кога тие пазари недостасуваат или се несовршени. Во литературата на новите економски науки за миграцијата (Stark и Bloom, 1985; Stark, 1991), одлуката за мигрирање станува заедничка одлука на домаќинството, во која и останатите членови на домаќинството и мигрантот ги делат трошоците и приходите од миграцијата, во кои миграцијата е дел од една поголема економска стратегија на домаќинството. Според овој систем, миграцијата е употребена како механизам за диверзификација на економските активности на семејството на мигрантот за одржување на ликвидноста (Stark, 1991; Taylor и останатите., 2003).

Се претпоставувa дека повисоките стапки на невработеност во земјите на мигрирање се позитивно поврзани со повисоката веројатност за примање на дознаки од странство, со што се потврдува ставот дека мигрантите праќаат пари до нивните заедници поради намерите за само-осигурување. Иселениците сносат поголем ризик за вработување во време на растечка невработеност, а тоа им овозможува да се обезбедат од тие ризици со препраќање на средства кон нивните заедници. На овој начин, мигрантите одржуваат „добра положба“ во рамките на заедницата, која им овозможува да се вратат во случај на неуспешно мигрирачко искуство (Lucas и Stark, 1985; Amuedo-Dorantes и Pozo, 2006). Сепак, можно е мигрантите да имат повеќекратни мотиви за препраќање на пари дома, вклучувајќи го и алтруизмот (Becker, 1974; Stark, 1991). Степенот до кој праќањето пари е навистина мотивирано од алтруизмот, и оттука грижата за загубата на приходите дома, може да се објасни и со други приватни или јавни напори за намалување на сиромаштијата. Кога се вклучуваат јавните олеснувања, дознаките од странство стануваат помалку потребни, а со тоа и се намалуваат. Но, дознаките од странство навистина ја ублажуваат сиромаштијата, дури и во контекст со дополнителните јавни напори за олеснување. Во просек, земјите во развој со пониски приходи, добиваат повисок процент од своите приходи од дознаките од странство, отколку земјите со средни приходи, иако применитe дознаки од странство по глава на жител се пониски меѓу посиромашните земји (Lucas, 2005).

Голем број на спроведени истражувања, се фокусираат на влијанието на миграцијата врз продуктивните инвестиции во родната земја, и можната супституција помеѓу влијанието на дознаките од странство врз приходите и продуктивната загуба поради промените во понудата на работна сила. Сеуште нема јасна шема во однос на околностите под кои миграцијата води кон зголемени продуктивни инвестиции. Некои истражувања покажаа дека дознаките од странство, првенствено го зголемуваат нивото на потрошувачка и не секогаш ги поттикнуваат инвестициите било кај физичкиот или човечкиот капитал (Durand и Massey, 1992). Постојат емпириски докази кои покажуваат дека дознаките од странство најмногу се трошат за основните егзистенцијални потреби, и откако тие се исполнети, на подобрување на домувањето и евентуално за купување на земјиште (Appleyard 1989; Guarnizo 1992; Stahl & Arnold 1986).

Lipton (1980) има утврдено дека дознаките од странство имаат негативно влијание врз земјоделското производство како резултат на многу фактори, вклучувајќи ја и загубата на

најмладите и најпродуктивните членови на домаќинството и можната замена на трудот за помалку ефикасни членови од домаќинството останати дома. Неодамнешните емпириски докази го подржуваат неговото тврдење (Azam и Gubert, 2006a, 2006b), односно го документираат ограниченото влијание или отсуството на влијанието врз инвестициите во продуктивни активности (Mines и de Janvry, 1982; Durand и останатите., 1996; Taylor и останатите, 1996; Taylor и останатите., 2005; de Brauw и Rozelle, 2003). Carletto и останатите., (2004) утврдуваат дека само мал процент од домаќинствата кои примаат дознаки од странство, пријавиле дека ги користат овие средства за инвестиции или за купување на трајни добра. Се смета дека голем број на фактори придонеле за овие ниски нивоа на инвестирање, вклучувајќи ги и сиромашната рурална инфраструктура, ниските јавни инвестиции и загриженоста за безбедноста на семејствата. На тој начин, мигрантите и нивните семејства, наводно ги користат дознаките од странство за да ги покријат основните потреби и да ги подобрат условите за живеење. Таму каде што ограничувањата на работната сила се многу строги, миграцијата може да води кон намалување на економските активности на домаќинството. Резултатите од претходни истражувања за миграцијата укажуваат дека во некои случаи дознаките од странство првенствено служат за зголемување на потрошувачката, наместо овозможување на продуктивни инвестиции. Утврдено е дека меѓународната миграција е поврзана со намалувањето на вкупните часови посветени на семејството по глава жител (McCarthy и останатите., 2009).

Од друга страна, други студии откриле дека миграцијата навистина ги поттикнува инвестициите на домаќинствата во родните земји (Lucas, 1987; Dustmann и Kirchkamp, 2001; Woodruff и Zenteno, 2001; Black и останатите., 2003; Konseiga, 2007) и дека тоа може да има крајно позитивно влијание врз земјоделските домаќинства и/или приходи (Stark, 1991; Taylor и останатите., 1996; Taylor и Wyatt, 1996; de Brauw и останатите., 2003; Mendola, 2004; Rozelle и останатите., 1999). Генералниот став е дека дознаките од странство надоместуваат за изгубениот труд и дозволуваат домаќинствата да го подобрат своето земјоделско производство. Дознаките од странство исто така може да имаат и позитивно влијание врз само-вработувањето, иако големината на ова влијание е мало. За време на периоди на економски пад, националното богатство може да биде подобрено со мигрирањето, ако вредноста на дознаките од странство го надминува производството што би се произвело во земјата на потекло. (Funkhouser, 1992).

Постојат гледишта за дознаките од странство што Levitt (1998) ги дефинира како “социјални дознаки“, што се однесуваат на прашања како што се идеите, однесувањата, идентитетите и општествениот капитал што се влева од примачките до испраќачките заедници на земјите. Улогата на овие ресурси е да се промовира доселеничкото претприемништво, заедништво и создавање на семејство и политичката интеграција. Размената на социјалните дознаки се случува кога мигрантите се враќаат да живеат или да ја посетат родната земја; кога оние кои не се мигранти ги посетуваат своите иселенички семејства; или преку размена на писма, видеа, касети и телефонски повици. Мигрантите не ги прифаќаат сите аспекти на новите животи неселективно. Постои процес на проверка. Испраќачите прифаќаат неколку нови идеи и одредени елементи, а игнорираат други. Влијанието на социјалните дознаки е и позитивно и негативно. Не постои гаранција дека тоа што ќе биде научено е конструктивно и дека ќе креира социјални реформи. Како и да

е, размената на одреден вид на дознаки за здравствените и образовните практики или преносот на нови деловни вештини, може позитивно да допринесе за социјални промени. Kabki (2003) го доведува случајот на Холандските мигранти од руралната заедница Ашанти од Гана, кои инвестираат во домување и враќање на бизнисите дома, но и исто така ги подржуваат нивните семејства со придонес кон образованието, здравјето и секојдневната поддршка. Ако некој од член од семејството е во странство, ова лице често се поставува во позиција да се грижи за сите неочекувани трошоци, вклучувајќи ги и болничките и погребалните трошоци во семејството. Како и да е, ова влијание е различно помеѓу семејствата и заедниците, поради голем број на надворешни фактори кои влијаат врз обемот и фреквенцијата на дознаките од странство до семејствата и способноста на домашните заедници да имаат корист од финансиската поддршка на мигрантите. Дознаките од странство во голема мера може да допринесат за благосостојба и развој на семејството, но во исто време овие може да бидат многу несигурни извори на приход бидејќи семејството може да се врати во сиромаштија од моментот кога протокот на пари од странство ќе престане.

*Заклучок*

Во последните години доста брзо се зголемија дознаките од странство и се покажаа како стабилен извор на финансирање, кој може да биде корисен во тешки економски времиња. Додека дознаките од странство можат да влијаат врз домаќинствата со зголемување на готовината со која располагаат (намалување на ликвидносните ограничувања), миграцијата на некој член на семејството може исто така, да има штетно влијание врз благосостојбата на домаќинствата. Краткорочниот ефект на дознаките од странство, обично е поврзан со зголемување на потрошувачката, намалување на сиромаштијата и нееднаквоста на приходите, што резултира со промени во учеството на пазар на трудот. Додека пак. долгорочниот ефект е повеќе важен за социо-економскиот развој и посебно за перформансите во образованието и подобрување на здравствениот статус. Бидејќи дознаките од странство сами по себе, не намалуваат ничиј приход, се верува дека имаат корисно влијание врз сиромаштијата, но имаат ограничено влијание врз продуктивните инвестиции. Постојат емпириски докази кои покажуваат дека дознаките од странство најмногу се трошат за основните егзистенцијални потреби, и откако тие се исполнети, на подобрување на домувањето и евентуално за купување на земјиште. Исто така, има и „социјални дознаки“, кои можат да вклучат прашања како што се идеите, однесувањата, идентитетите и општествениот капитал што се влеваат од примачките до испраќачките заедници на земјите, со протокот на дознаките со различни социо-економски импликации врз иселеничките општества.

## II. Дознаки од странство – Поврзаност со образованието

Неколку истражувања се спроведени во врска со образовните резултати на члeновите на семејствата и како тие се засегнати од дознаките од странство и миграционото искуство. Еден правец во литературата покажал дека постои зголемување на образовните резултати кај члeновите на семејството, како резултат на зголемувањето на готовината со која располагаат (намалување на ликвидносните ограничувања). Со олеснувањето на

ликвидносните ограничувања кај домаќинствата, дознаките овозможуваат инвестиции во образованието. Спротивен правец, согласувајќи се со можноста дознаките од странство да ги ублажат кредитните ограничувања и на тој начин да го зголемат нивото на образование кај децата, тврди дека миграцијата на еден член од семејството, односно отсуството на родител, може да има негативен ефект врз школувањето на детето. Друга литература се има фокусирано на начинот на кој дознаките од странство влијаат врз школувањето на детето, вклучувајќи ги и стимулациите и дестимулациите предизвикани од миграцијата или дознаките врз образованието на членовите на семејствата останати дома.

## *Зголемување на готовината со која располагаат (Намалување на ликвидносните ограничувања)*

Значителен број на постоечка литература покажа дека постои зголемување на образовните резултати кај членовите на семејството, како резултат на зголемување на готовината со која располагаат (зголемување на *ликвидносните ограничувања).* Дознаките од странство, со подигањето на буџетските ограничувања на сиромашните семејства можат да ги зголемат инвестициите во човечкиот капитал. Едно емпириско истражување за дознаките од странство и школувањето го истакна потенцијалот на дознаките од странство за зголемување на способноста на домаќинствата да платат за школување. Примерите од литературата ги вклучуваат Cox Edwards и Ureta (2003) кои сметаат дека дознаките од странство ја намалуваат веројатноста дека децата во Ел Салвадор ќе го напуштат училиштето, особено во руралните области; Yang (2004) смета дека образованието на децата во Филипините е подобро во оние семејства чии мигранти примаат поголеми курсни разлики; и Lopez Cordoba (2004) смета дека општините во Мексиско кои примаат повеќе пари од странство имаат повисоко ниво на писменост и поредовно присуство во училиштата на деца помеѓу 6-14 години. Borraz (2005) утврди дека децата кои живеаат во домаќинства кои примаат пари од странство, завршуваат повеќе години на школување од другите деца и дека ефектот е статистички значаен за повеќе од една година. Поголема е веројатноста за продолжување на образованието кај оние деца кои живеат во домаќинства кои примаат пари од странство.

Тврдењето дека дознаките од странство го зголемуваат нивото на образование или инвестициите во образованието, добива поддршка во се поголем број на истражувања. Во оваа насока, Amuendo-Dorantes & Pozzo (2008) го разјаснуваат влијанието на миграцијата и дознаките од странство кај децата од Хаити. Тие откриваат дека миграцијата може негативно да влијае врз останатите членови на семејствата поради влошување на економската ситуација и тоа ги намалува шансите на децата да се запишат на училиште. Но, како што дознаките од странство ќе пристигнуваат, тие ќе го зголемат присуството во училиштата. Особено, се чини дека по приемот на парите од странство се зголемува присуството на девојчињата на училиште и дека средошколците се тие кои добиваат повеќе од приемот на дознаки во домаќинството. Приходите од дознаките имаат позитивно влијание врз резултатите од образованието, односно дознаките од странство позитивно допринесуваат за зголемување на бројот на запишани ученици и за зголемување на годините на школување на децата кои се останати дома. Во однос на образовните можности, Elbadawy & Roushdi (2010) испитуваат примерок од египетски

деца кои живеат во домаќинства кои примаат пари од странство и земајќи ги во предвид родовите разлики и различните групи, се открива дека дознаките од странство имаат попозитивно влијание врз присуството на училиште помеѓу момчињата отколку кај девојчињата. Ова влијание е поголемо помеѓу оние момчиња кои се близу до упис на факултет, додека помеѓу девојчињата влијанието е позитивно само за оние кои се на возраст од 15 до 17 години. Откритијата за момчињата укажуваат на тоа дека дознаките од странство имаат значаен ефект врз редовното присуство на училиште за оние кои се пред упис на факултет. Исто така, постои благ ефект и врз присутноста во училиштата од страна на девојчињата кои се пред упис на факултет. Yang (2008) го испитува влијанието на промените на расход кај домаќинствата, а особено влијанието на приходот од мигрантите врз големината на расходот од инвестициите кај домаќинствата на Филипините, како што е школувањето на децата, детскиот труд и претприемничките активности. Главниот заклучок е дека зголемувањето на вредноста на валутата на мигрантот во однос на филипинскиот пезос, довело до зголемување на вредноста на дознаките добиени од странство. Овие позитивни приходи водат до зголемена акумулација на човечки капитал во домаќинствата од каде што потекнуваат мигрантите. Домаќинствата кои примаат поповолни промени на девизниот курс ги зголемуваат расходите за потрошувачка во неколку области кои се поврзани со можноста за инвестирање (особено образовните расходи), го продолжуваат образованието на своите деца, ги отстрануваат децата како работна сила, ги зголемуваат нивните часови како само-вработени, и е поверојатно да започнат со формирање на капитално интензивни претпријатија. Kabki (2003) тврди дека дознаките од странство префрлени од Холандските мигранти од руралната заедница Ашанти од Гана се користат за да се плати школарината на децата во (поголемо) семејство. Тие може да бидат деца кои посетуваат основно училиште, но исто така и млади кои посетуваат средно училиште или универзитет, во чиј случај трошоците се многу повисоки отколку трошоците за основно училиште и товарот за мигрантите е поголем. Некои од интервјуираните семејства посочиле дека ако не биле примените пари од странство, тие не би биле во можност да ги пратат своите деца на училиште. Во однос на образованието, се чини дека влијанието на миграцијата е двојно: прво, семејството на мигрантот е во можност да образува повеќе деца преку директна финансиска поддршка, и второ, се чини дека генералниот став за образованието се менува кон поголемо почитување на образованието. Како преелиминарен заклучок, овој напис тврди дека дознаките од странство можат да придонесат за развојот на семејството, но во исто време можат да бидат многу несигурен извор на приход, бидејќи семејството во секој момент може да стане сиромашно од моментот кога протокот на пари ќе запре. Jensen & Nielsen (1996) укажуваат дека сиромаштијата оневозможува децата да се образуваат и затоа протокот на пари од странство спречува семејството да западне во сиромаштија.

Друго истражување кое го истражува не само влијанието на миграцијата врз бројот на запишани ученици, но исто така и врз образовните резултати, McKenzie & Rapoport (2006, 2009) укажува дека нивото на образование значително се подобрува кај девојчињата, поради распределбата на парите од странство за едукација на децата од нискообразованите мајки, што е во согласност со тоа дека дознаките од странство ги олеснуваат кредитните ограничувања за инвестирање во образованието на пониskиот крај од спектрумот на дистрибуција на богатството и приходите. Живеењето во домаќинство

во кое има мигрант значително ги зголемува шансите за мигрирање на момчиња од сите училишни возрасти и шансите да постарите (од 16 до 18 годишни) девојчиња ги извршуваат домашните работи. Ова е за време кога работата е исто така важен облик за стекнување на капитал, па се чини дека мексиканските жени во мигрантските домаќинства не се образуваат и не работат. Сите истражувања покажуваат силно позитивно влијание на годините на образование на мајката врз одењето на училиште и поголема е веројатноста да одат на училиште децата од областите во кои и порано имало училишта. Горенаведената анализа покажува дека е помала веројатноста децата во мигрантските домаќинства, да одат на училиште и да се образуваат отколку децата од немигрантски семејства. Можно е поради отсуството на еден родител (мигрантот), детето да треба да ги преземе задачите кои биле извршувани од мигрантот, како што е работењето во семеен бизнис или вршењето домашни работи. Може да помине подолго време додека мигрантот заработи пари и ги испрати дома, па ќе биде потребно детето да работи за да ги покрие краткорочните ликвидносни ограничувања во домаќинството. Било која од овие активности се во согласност со не-вредувањето на школувањето од страна на детето (или родителите) поради идните планови за мигрирање. Ова влијание е збир од три главни ефекти: ефектот од дознаките од странство врз можниот износ на инвестиции во образованието, што е веројатно да биде позитивен таму каде што ликвидносните ограничувања се задолжителни; ефектот на отсуството на едниот родител од домаќинството како резултат на миграцијата, што може да значи помал труд од страна на родителите за стекнување на образование, а поголем за домашните и земјоделските работи од останатите членови на домаќинството, вклучувајќи ги и децата и влијанието на миграцијата врз посакуваното ниво на образование, кое најверојатно ќе биде негативно.

Емпириските истражувања укажуваат на тоа дека економските и социолошките варијабли се важни детерминанти за избор помеѓу училиште и детскиот труд. Постои одредена поддршка за тврдењето дека сиромаштијата ги спречува домаќинствата да ги запишат своите деца на училиште. Во економската литература, има голем број објаснувања: сиромаштијата може да ги принуди домаќинствата да не ги пратат децата на училиште и наместо тоа да ги пратат на работа, нискиот квалитет на образованието може да води кон тоа домаќинствата да го заменат школувањето со работа и ограничувањата на пазарот на капитал може да ги наведе родителите да ја намалат својата инвестиција во човечкиот капитал на своите деца (Jensen and Nielsen, 1997).

Економската теорија укажува на тоа дека, со зголемувањето на готовината со која располагаат (намалување на ликвидносните ограничувања), дознаките од странство треба да ги зголемат инвестирањата во човечкиот капитал кај членовите од домаќинствата, особено во сиромашните земји и земјите во развој. Додека основните и средните училишта често се задолжителни и со тоа бесплатни, од студентите во земјите во развој се очекува да платат за своите книги, униформи, материјали, транспорт и понекогаш за платите на професорите. Понатаму, одењето на училиште наметнува и дополнителни трошоци на семејството преку придружните намалувања на паричните приходи или намалување на домашното производство од страна на присутниот. Со оглед на конкуренцијата помеѓу училиштето и работата, дознаките кои се значителен износ од домашниот буџет често имаат потенцијал да ги намалат ликвидносните ограничувања и да

го зголемат инвестирањето во човечкиот капитал. Влијанието на миграциите врз човечкиот капитал во земјата на испраќање може да биде доловен главно преку влијанието на дознаките од странство, кои се добар извор на приход, особено кај домаќинствата со финансиски ограничувања. Дознаките од странство преку зголемување на готовината со која располагаат, односно намалување на буџетските ограничувања на сиромашните семејства во различни параметри, ги зголемуваат инвестициите во човечки капитал (Dustmann, 2011). Исто така, да се види (Ilahi, 2001) за Перу; (Acosta и останатите., 2007) за примерок од земјите од Латинска Америка; (Calero и останатите., 2009) за Еквадор; (Wahba, 1996) и (Elbadawy & Roushdy, 2010) за Египет; (Jensen и Nielsen, 1997) за Замбија; (Kabki, 2003) за Западна Африка и (McKenzie и Rapoport, 2006) за Мексиско, кои обезбедуваат обемна расправа за улогата во намалувањето на ликвидносните ограничувања. Примери од други документи кои го објаснуваат влијанието на дознаките врз образованието се Acosta (2006) и Lopez-Cordoba (2005) кои укажуваат на позитивното влијание од миграцијата врз образованието на децата во посиромашните домаќинства, што е во согласност со тоа дека дознаките од странство ги олеснуваат кредитните ограничувања. Дознаките од странство и потенцијално повисоките заработувања после миграцијата (како на пример, од претприемништво, да се види Woodruff и Zenteno (2007)), или инвестиции во земјоделството, да се види Taylor и Wyatt (1996), ја зголемуваат вредноста на домашните ресурси, зголемувајќи ги максимално годините на школување што домаќинството може да си ги дозволи.

## *Отсуство на родител*

Друго важно прашање, кое е разгледано во литературата е прашањето за отсуството на родителот и неговото влијание врз образованието на децата. Родителското отсуство како резултат на миграција, може да придонесе за помал инпут од страна на родителите во процесот на стекнување на образование и може исто така, да креира потреба децата да ги преземат домашните работи или да работат за да помогнат во пополнување на краткорочниот недостаток од труд и пари. Во овој контекст, Hanson и Woodruff (2003) истакнуваат дека миграцијата може да ја наруши структурата на домаќинството, лишувајќи ги децата од присуство на старател и пример за однесување, истовремено барајќи од нив да преземат дополнителни домашни одговорности. Тие исто така истакнуваат дека негативните шокови на пазарот на труд, искусени од страна на родителите, може да предизвикат мигрирање и е потребно децата да работат наместо да одат на училиште, што доведува до негативен однос помеѓу миграцијата и годините на школување. Миграцијата на главата на домаќинството може да го наруши семејниот живот и да има негативно влијание врз перформансите во училиште. Wahba (1996) утврдил вакво влијание помеѓу девојчињата во Египет. McKenzie & Rapoport (2006) утврдиле значително намалување во образовните достигнувања кај децата во домаќинствата во Мексико. Lucas (2005) тврди дека парите пратени од членови на домаќинства во странство, а особено од родителите, го подржуваат образованието на децата во родната земја, но отсуството на родителите и следствено немањето надзор врз успехот на децата во училиште може да ги влоши образовните резултати. Castaneda & Buck (2010) твдри дека често настанува размена помеѓу поголемата финансиска заштита на децата преку дознаките и повисоката ранливост на децата оставени без физичка,

психичка или емоционална заштита и таквата размена може да има значајни последици врз  долгорочниот развој на децата. Park и останатите., (2010) тврдат дека миграцијата на таткото влијае негативно врз развојот на детето, а особено на момчињата, кои во споредба со девојчињата е поверојатно да се откажат од училиште. Mansoor и Quillin (2007) тврдат дека децата на иселениците добиваат помал надзор и заостануваат во нивното образование. На пример, се смета дека миграцијата е значаен фактор за намалувањето на бројот на запишани ученици во Молдавија и Бугарија. Недостатокот од родителски надзор и влијание може да влијае врз резултатите на училиште; бидејќи било кој член од поширокото семејство не може соодветно да го пополни отсуството на родителот.

Booth & Tamura (2009) истакнуваат дека обично влијанието е двонасочно кога некој член на семејството ќе замине во странство. Позитивното влијание од зголемениот приход во домаќинствата произлегува кога некој од семејството работи во странство. Негативното влијание врз образованието, може да произлезе од два можни пристапи: негативните социјални последици од отсутниот родител и зголемената потреба за работа во семејството што произлегува од губитокот на возрасни работоспособни лица во домаќинството. Одлуката за мигрирање и одлуката за праќање пари не секогаш одат рака под рака, а тоа многу добро го документираат Rapoport & Docquier (2005). Двете истражувања утврдуваат целосно негативно влијание на миграцијата врз образованието. De Brauw и Giles (2006) го разгледуваат влијанието на миграцијата врз бројот на запишани ученици во Кина, а Antman (2005) го разгледува влијанието на миграцијата врз присуството на училиште и часовите поминати на училиште во Мексико, истакнувајќи го негативното влијание на миграцијата врз школувањето на децата. Acosta и останатите., (2007) заклучуваат дека дознаките од странство не го зголемуваат нивото на образование во Доминиканската Република. Неодамнешно истражување на Bansak и Chezum (2009) во врска со нивото на образование на децата во Непал, ги потврдува двете спротиставени влијанија на дознаките и семејната миграција, и тие ги опишуваат како нето дознаки и ефекти од отсуството.

## Поттикнувачки ефект

Теоретската и емпириска литература за „корисен одлив на мозоци“ или „прилив на мозоци“ предложува друг начин преку кој миграцијата може да го зголеми нивото на образование. Основната идеја на тие теории е дека образованието има голема добивка од мигрирањето, а исто така можноста за мигрирање во иднина го зголемува очекуваниот принос за образованието, вклучувајќи и го запишувањето во домашни училишта. Да се види Commander и останатите., (2004) за преглед на различните канали преку кои корисниот одлив на мозоци  може да се одвива, и Beine и останатите., (2007) за емпириски доказ за потикнувачкиот ефект. Експлицитната претпоставка за одливот на мозоци во литературата е дека приносот врз образованието е повисок во земјата-дестинација, отколку дома. Како и да е, ова не секогаш е случај. Така, Chiquiar и Hanson (2005) покажаа дека приносот врз образованието е повисок во Мексико, отколку за мексиканските мигранти во Соединетите Американски Држави.

Vidal (1998) се фокусира на можното влијание на миграцијата врз развивањето на човечкиот капитал и врз динамичните последици од мигрирањето на трудот врз човечкиот капитал и економскиот раст. Новата идеја во неговиот извештај е дека всушност, миграцијата може да биде конструктивна за економскиот раст, преку обезбедувањето поттик за развивање на човечкиот капитал во земјата на потекло**.** Миграцијата може да ги ослободи испраќачките земји од сиромаштија. Авторот тврди дека повисокиот принос за вештините во странската земја обезбедува дополнителен поттик за инвестирање во развивањето на човечкиот капитал и доаѓа до заклучок дека постои позитивна поврзаност помеѓу нивото на развивање на човечкиот капитал во земјата на потекло и можноста за мигрирање. Некои тврдат дека образована странска дијаспора може да пренесува други форми на бенифиции за оние кои се дома, преку транснационалните мрежи, иако доказите во однос на овој поглед се од ограничен обем, особено за земјите со пониски приходи. Неодамна, е посветено внимание и на можноста мигрирањето на високообразованите лица да предизвика дополнителна едукација помеѓу останатите дома. Во овој контекст, во Филипините, високата стапка на заминување на факултетски образованите лица, речиси дополнително го мотивирала запишувањето на факултет, па дури и влијаела и врз изборот на насоката за студирање. Cox и Ureta (2003) тврдат дека клучна детерминанта за запишување и одење на училиште е образованието на родителите. Цврстата поврзаност помеѓу образованието на родителите и успехот на училиште во урбаните и руралните средини е посебно интересна во Ел Салвадор, поради значајните разлики во достапноста на училиште помеѓу урбаните и руралните области. Во овој труд, Amuedo-Dorantes и Pozo (2010) со користење на податоци од Доминиканската Република при проучување на влијанието од приливите на дознаки врз образованието на детето, обезбедуваат доказ за разграничување на можното негативно влијание на миграцијата и позитивното влијание на дознаките. Авторите утврдиле дека при примање на дознаки од странство постојат разлики во влијанието врз образованието на децата, во зависност од нивната возраст, пол и време на раѓање - карактеристики кои се предложени како клучни во претходните истражувања за инвестициите во човечки капитал на децата (на пример. Calero и останатите., 2009; Emerson and Portela Souza, 2008). Исто така, интересно е да се забележи дека приемот на дознаки од странство е позитивно поврзан со бројот на децата на предучилишна возраст. Се тврди дека дознаките од странство се негативно поврзани со бројот на децата на училишна возраст во домаќинството, како и со бројот на возрасните. Имањето деца на предучилишна возраст ги ограничува работните опции за возрасните, укажувајќи дека дознаките од странство во овие случаи надоместуваат за пазарот на труд. Од друга страна, деца на училишна возраст и на повеќе возрасни лица, му овозможува на домаќинството поголема флексибилност во врска со обезбедувањето на потребните ресурси на домаќинството, правејќи ги дознаките помалку значајни во овие случаи (Sana и Massey, 2005). Други детерминанти за запишување на децата на училиште го вклучуваат бројот на децата на предучилишна возраст во домаќинството, кој е позитивно поврзан со одењето на училиште, така што се имплицира дека нивото на образование на сите деца во домаќинството е во позитивна корелација. Конечно, се чини дека веројатноста за одење на училиште, значајно се разликува според времето на раѓање, па првородените деца имат поголема веројатност да одат на училиште за разлика од нивните помлади браќа и сестри. Моделот на Becker (1974) за „инвестирање во образованието“ прикажува дека семејствата ја земаат во предвид стапката на поврат од образованието и неговата цена, со цел да се

избере оптимално ниво на образование за нивните деца. Becker (1974) заклучува дека дознаките од странство се важни за образованието само во области со помалку од 2500 жители кои имаат многу ниско ниво на образование.

Голем број на истражувања анализирале, дека кога членовите на домаќинствата се заинтересирани за понатамошно мигрирање, тие ги преносочуваат дознаките кон образование и формирање на човечки капитал, што може да се извезе во приемните земји (Vidal, 1998). На пример, (McKenzie и Rapoport, 2006) тврдат дека ако поединци очекуваат дека нивните образовни профили не можат да се извезат во земјите на миграција, тие порано ќе се откажат од училиште и ќе започнат да работат во домашната земја или ќе сакаат да мигрираат.

Имплицитната претпоставка во најголем број од постоечките истражувања за дознаките од странство е дека миграцијата влијае врз образовните резултати преку дознаките, и не преку било кој друг канал, како што се опишаните поттикнувачки ефекти. Да се види McKenzie (2005) за методолошка дискусија на оваа точка.

## *Заклучок*

Неколку студии покажале дека постои зголемување на образовните резултати кај членовите на семејството, како резултат на зголемувањето на готовината со која располага семејството (намалување на ликвидносните ограничувања). Со олабавувањето на ликвидносните ограничувања на домаќинствата, дознаките од странство дозволуваат инвестиции во образованието. Повеќе истражувања покажале дека децата кои живеат во домаќинства кои примаат пари од странство завршуваат повеќе години на школување отколку другите деца. Неколку емпириски истражувања ја истакнуваат можноста на дознаките од странство да ги ублажат кредитните ограничувања и со тоа да го зголемат нивото на образование на децата во семејствата на мигрантите. Намалувањето на кредитните ограничувања им овозможува на домаќинствата без никакви пречки да се насочат кон постигнување на оптимално ниво на образование на децата, резултирајќи со повисоко образование за нивните деца. Најважна детерминанта за одењето на децата на училиште е тоа дали домаќинството може да си дозволи да го прати своето дете на училиште.

Во прилог на ова, миграцијата на член од семејството може да има голем број други влијанија врз образованието на детето. Миграцијата се смета од суштинско значење за развојот на човекот и позитивните социјални промени, циркулацијата на знаења и идеи, како и за придобивките од оствареniot принос од способностите. Ова е позитивен ефект.

Негативното влијание на миграцијата врз образованието, сепак е резултат на социјалните последици, отсутноста на родителот и зголемената побарувачка за труд во домаќинството што произлегува од намалувањето на бројот на работоспособни возрасни лица во домаќинството.

Исто така, можеби спротивно од она што би се очекувало од исходот поради зголемување на приходот од неработоспособни лица, голем број на истражувања заклучуваат дека дознаките од странство не го зголемуваат нивото на образование во различни услови, вклучувајќи ги и оние каде што намалувањето на ликвидносните ограничувања може да има значајна улога поради економските тешкотии. Ако кредитните ограничувања не се обврзувачки, тогаш дознаките од странство ќе немаат ефект врз нивното школување.

Како резултат на тоа, во врска со нивото на образование на децата, има две спротиставени влијанија на дознаките и миграцијата во семејството, кои можат да се опишат како нето дознаки (позитивни) и ефекти од отсуството (негативни). Затоа, влијанието на дознаките од странство врз образованието е значајно прашање кое од страна на литературата се уште не е соодветно одговорено. Според тоа, меѓународната литература покажа дека влијанието на дознаките од странство врз образованието може да биде дуплирано.

## III. Дознаки од странство – Поврзаност со здравјето

Во прилог на влијанието на дознаките од странство врз перформансите во образованието, важноста на дознаките од странство за земјите на мигрантите се мери и преку благосостојбата на примателите на парите од странство во смисла на подобрување на здравствената состојба, особено на децата. Се претпоставува дека поредовните посети на лекар од страна на членовите на домаќинствата со членови кои живеат во странство се резултат на примањето на пари од странство. Се очекува дознаките од странство да помогнат во подобрувањето на здравствените резултати преку купување на средства за подобра грижа и исхрана.

Во литературата од областа на зависноста на здравјето од дознаките од странство и мигрантскиот статус, преовладуваат различни претпоставки за влошување или подобрување на здравствените резултати на оние кои не се мигранти. Здравјето на децата е доста важно за благосостојбата на домаќинствата и го одредува долгорочниот развој на човечкиот капитал. Според „Grossman's health production function" (1972) дознаките од странство овозможуваат да се подобрат здравствените резултати на децата преку купување на средства за подобра исхрана и грижа, додека миграцијата пак, прво, може да влијае врз здравјето преку пократкото време што родителите го поминуваат со своите деца, и второ преку знаењата за здравјето стекнати во странство.

Hildebrandt and McKenzie (2005) утврдуваат позитивно влијание на миграцијата врз здравствените резултати во домаќинството на мигрантот, преку споредување на зголемувањата на паричните и социјалните дознаки од странство со зголемувањето на тежината на раѓање и намалувањето на смртноста на новороденчињата и децата. Тие исто така, покажуваат дека миграцијата резултира со помала веројатност за доење и вакцинирање на децата, но со повисоко ниво на знаење за здравјето кај мајките и тврдат дека дознаките од странство некако не успеваат да го зачуваат позитивното влијание на миграцијата врз здравјето на децата, бидејќи тоа сепак е силно поврзано со знаењето на мајката за здравјето. Авторите исто така, го земаат во предвид и влијанието на миграцијата врз превентивната здравствена заштита. Нивниот труд овозможува

истражување на каналите преку кои овие контакти влијаат врз здравјето на децата, и покажува дека процесот на миграција може да резултира со подобрено знаење за здравјето. Првиот приод е директното влијание на миграцијата врз приходот и благосостојбата преку дознаките од странство и испратените заштеди, кои им овозможуват на домаќинствата да потрошат дополнителни ресурси за храна и здравствени услуги. Вториот, мигрантите можат да стекнат знаење за здравјето преку изложеноста на здравствените практики во земјите каде што се наоѓаат, што резултира со поефикасно користење на финансиските средства и на тој начин повисоки здравствени постигнувања. Авторите утврдуваат дека миграцијата влијае врз здравствените резултати на овие два начина: го зголемува богатството и знаењето за здравјето. Тие утврдуваат дека е помалку веројатно децата на мигрантите да се доени, да се целосно вакцинирани, или однесени на лекар во првата година од животот отколку децата на немигранти. Frank and Hummer (2002) исто така укажуваат на позитивното влијание врз тежината на раѓање кај семејствата кои имаат мигранти, наспроти оние кои се без мигранти. Lopes-Cordova (2005) ја истражуваат врската помеѓу миграцијата и здравјето на децата и се заклучува дека еден процент на зголемување на дознаките од странство ја намалува стапката на смртност кај новороденчињата за 1,2 на илјада. Acosta и останатите, (2007) го анализираат придонесот на дознаките врз развојот во Латинска Америка врз основа на мерки за деца на возраст од 1 до 5 години, како што се тежината и висината според возраста на децата, веројатноста дека породувањето на децата е извршено од страна на лекар и можноста децата на возраст од 2 до 5 години да се вакцинирани. Низ сите овие здравствени индикатори, нивните анализи покажуваат дека децата во домаќинства кои примаат пари од странство имаат подобар здравствен статус отколку во домаќинствата кои не примаат пари од странство. Во нивното истражување, Amuedo-Dorantes and Pozo (2011) направиле анализа на врската помеѓу приходот од дознаките од странство и трошоците за здравствена заштита. Авторите тврдат дека можното влијание на приходот од дознаките врз трошоците за здравствена заштита се зголемува со преносот на пари од странство. Трошоците за здравствена заштита за разлика од другите трошоци се почувствителни на зголемувањето на приходот од дознаките од странство.

Frank and Hummer (2002) испитуваат како меѓународниот процес на миграција влијае врз ризикот за ниска родилна тежина помеѓу доенчињата. Жените во домаќинствата кај што има мигранти се карактеризираат како поризична социодемографска група, члeновите на домаќинствата на мигрантите се карактеризираат со поголеми позитивни резултати при раѓањето, отколку кај оние домаќинства кои немаат мигранти, по тоа што тие имаат пониски размери на помала тежина на раѓање и предвремено породување. Анализата покажала дека децата родени во домаќинства на мигранти во Мексико имаат помали шанси да бидат родени со мала тежина во споредба со децата родени во домаќинства кои немаат мигранти. McKenzie (2007) испитува дека миграцијата ги подобрува здравствените резултати, намалувајќи ја смртноста кај новороденчињата и зголемувајќи ја родилната тежина. Иако некои од подобрувањата на здравствените резултати ќе произлезат од зголемениот приход на домаќинствата по примањето пари од странство, се покажало дека миграцијата има најмалку две дополнителни влијанија врз здравјето на децата. Повисоките опортунитетни трошоци на времето и отсуството на родителите можат да ја направат помала веројатноста децата на мигрантите да примаат некои форми на

здравствени придонеси. Доказ за ова влијание е помалата веројатност децата од домаќинства на мигранти да бидат доени и да добијат целосната доза на вакцини. Поголемото позитивно влијание се манифестира преку зголеменото знаење на мајките за здравствената заштита. Утврдено е дека мајките во семејствата на мигрантите имаат повисоко ниво на знаење од областа на здравјето, а исто така постои и прелевање на знаењето на мајките во домаќинствата кои немаат мигранти. Kabki (2003) тврди дека дознаките од странство кои повеќето мигранти од Холандија кои потекнуваат од руралната заедница Ашанти од Гана, ги праќаат до нивните домови, првенствено се употребуваат за здравствени трошоци. Со парите од странство, не се плаќаат само здравствените трошоци, туку и храна, облека и сметки за струја, со што се обезбедува повисок стандард на живеење. Преелиминарна претпоставка, е онаа дека миграцијата на еден член од семејството може да послужи како еден вид осигурување за целото семејство.

Спротивно на тоа, Kanaiaupuni и Donato (1999) укажуваат на негативно влијание на миграцијата и дознаките од странство врз здравјето на децата, поконкретно зголемување на смртноста кај доенчињата што може да се должи на нарушувачкиот ефект на разделбите во семејството. Како и да е, овој нарушувачки ефект е забележан само во почетната фаза на миграцијата. На долг рок, дознаките од странство значително ја намалуваат смртноста кај доенчињата. Авторите истражуваат како селските миграциони модели влијаат врз преживувањето на детето во родната земја. Сознанијата од овие анализи укажуваат дека влијанието на миграцијата врз смртноста кај доенчињата се открива со текот на времето. Во својата почетна фаза, миграцијата има нарушувачко влијание кај заедниците и семејствата; но со тек на време го олеснува преживувањето на домаќинствата, станувајќи дел од локалните институции и животот во заедницата. Миграцијата на краток рок ја зголемува смртноста кај доенчињата, а на долг рок го намалува ризикот за смртност кај доенчињата. Првично, како расте бројот на работоспособните лица кои го напуштаат домот, миграцијата ги нарушува нормалните активности во заедницата и го зголемува нивото на смртност кај новороденчињата. Сепак, со текот на времето, како што миграцијата станува институционализиран дел од локалниот живот, таа носи позитивни промени, подигајќи го животниот стандард и шансите за преживување кај новороденчињата. Заедно, овие сознанија укажуваат на тоа дека здравјето на децата е значајно поврзано со положбата на заедницата во процесот на миграција.

Glewwe (1999) користејќи го случајот на Мароко, ги проучува начините преку кои образованието на мајката го подобрува здравјето на детето и заклучува дека знаењето на мајката за здравјето е позначајна вештина за подобрување на здравјето на децата, отколку нивното ниво на образование. Мигрантите можат да се здобијат со информации за основните знаења за здравјето и да ги споделат со членовите на своето семејство. Такви информации може да вклучуваат подобро разбирање на контрацептивните знаења, важноста на санитацијата, знаењето за диети, вежби и други животни однесувања. Овој труд исто така, укажува дека во Мароко знаењето за здравјето на децата се добива надвор од училиштето, иако се одржува преку користење литература и математички вештини кои се стекнати во училиште. Авторите нагласуваат дека овие сознанија имаат важни

политички импликации. На пример, ако главното влијание на образованието доаѓа директно преку зголемување на основното знаење на мајките за здравјето, ова знаење треба да се стекне во училиштата што е можно порано (тоа е, пред девојчињата да го напуштат) и можеби треба да се изучуваат посебни образовни курсеви за жените кои се пред породување и кои веќе го напуштиле училиштето. Menjívar (2002) докажува дека социјалните мрежи помеѓу Гватемалските имигранти во САД се користат за редовно пренесување на медицинското знаење, помагајќи си едни со други со информации за третмани и здравствени совети. Споменатите неформални мрежи имаат значајна улога во пристапот до третмани кои вклучуваат лекови на рецепт и други „традиционални лекови". Жените имигранти користат два вида на канали за стекнување на медицинско знаење: првиот ги вклучува локалните контакти и врски. Всушност, жените започнуваат со користење на лек во кој тие веруваат, и ако тој лек не е ефективен, тие бараат совет од други лица, како од пријатели и слично. Вториот начин е преку контактирање дома, со цел да се добие пристап до познати производи од татковината.

Заштитниот ефект на миграцијата се обезбедува преку дознаките од странство. Образложението е дека дознаките од странство го надоместуваат негативното влијание врз сиромаштијата со зголемување на стандардот на живеење и со подобрување на исхраната и пристапот до медицинска грижа и на тој начин го намалуваат ризикот од ниска родилна тежина. Додека дознаките од странство се важни за објаснување на подобрите здравствени резултати на новороденчињата во домаќинствата на мигрантите, исто така постојат и дополнителни фактори кај домаќинствата на мигрантите. Влијанието на миграцијата врз здравствените резултати може да засени некои други ефекти - на пример, мигрантите може да потекнуваат од здрави делови на населението. Исто така, природните катастрофи како што се повторливите суши и поплави или распространетото насилство и воените конфликти може да предизвикаат мигрирање на луѓето, но и влошување на нивниот здравствен статус. Се смета дека овие непредвидливи променливи често ги замаглуваат проценетите ефекти на миграцијата врз здравствените резултати.

## Заклучок

Се претпоставува дека подобрениот здравствен резултат, особено кај децата е поради приемот на дознаки од странство. Дознаките исто така, придонесуваат за подобрување на здравствените резултати со купување на средства за подобра исхрана и грижа и со зголемување на познавањата за здравјето кај членовите на семејството. Негативното влијание се очекува да се манифестира низ пократкото време што родителите го поминуваат со децата, но ова е кратокорочен ефект. На долг рок, дознаките од странство носат значителни подобрувања кај здравјето на децата. Помала е веројатноста децата на мигрантите за разлика од децата на не-мигрантите, да бидат доени, целосно вакцинирани, или одведени на лекар, намалувајќи ја смртноста кај доенчињата и зголемувајќи ја тежината на новороденчињата. Дознаките од странство повеќе ги зголемуваат трошоците за здравствена заштита споредено со другите трошоци на домаќинствата.

## IV. Случајот на Албанија и Македонија во литературата

### *Случајот на Албанија*

Во однос на Албанија, Giannelli и Mangiavacchi (2010), користејќи анализа за одредување на времетраењето на одење на училиште, укажуваат дека претходната миграција на родител, на долг рок имала негативно влијание врз посетувањето на училиште со поголеми ризици за напуштање на училиштето кај албанските деца останати дома. На долг рок, миграцијата на родителите на деца кои се останати дома има последици врз развојот на децата и нивниот иден живот. Тука се вклучени, на пример, промените во структурата на домаќинството и одговорностите кои вршат притисок врз постарите деца да помагаат во домаќинството или да помогнат со земјоделска работа и на тој начин се запоставува нивното образование. Иако, миграцијата на родителите носи економски придобивки за децата, на долг рок недостатокот од родителска грижа предизвикува функционални и психолошки проблеми кои влијаат врз благосостојбата на децата. Одењето на градинка има позитивно влијание врз когнитивниот развој и го намалува ризикот од напуштање на училиштето кај адолесцентните. Растојанието на живеалиштето од јавниот превоз има големо негативно влијание врз пристапот до образование. Машките деца се помалку чувствителни на ризикот од напуштање на училиштето за време на основното образование отколку женските деца. Варијаблите кои укажуваат на нивото на образование на родителите и социјалниот капитал се секогаш значајни и имаат големо влијание во одредувањето дали нивните деца ќе посетуваат основно и средно образование. Ова сознание го потврдува тврдењето дека традиционалните бариери наметнати од страна на патријахалното општество може да влијаат врз одењето на училиште кај женските деца и покрај напорите направени за време на комунизмот во корист на женското образование во Албанија. Отсуството на родителите може да предизвика психолошки трошоци и да го промени начинот на донесување на одлуки во домаќинството, што значи промена на должностите и одговорностите во домаќинството, вклучувајќи ја и можноста децата на мигрантите да поминуваат помало време на активности поврзани со училиштето. На крај, децата може да го напуштат училиштето или пак да повторуваат една или повеќе учебни години заради незавршено или незадоволително поведение на крај од годината. Главниот заклучок од анализата е дека на долг рок мигрирањето на таткото негативно влијае врз образованието на децата, зголемувајќи ја можноста за напуштање на училиштето и за пролонгирање на напредокот во училиште. Кај женските лица, ова влијание е поголемо отколку кај машките лица. Како што поминува времето од самиот момент на миграцијата, негативното влијание на овој феномен има тенденција да се намалува, но влијанието се зголемува со зголемување на времетраењето на миграцијата. Варијаблите кои укажуваат на нивото на образование на родителите и социјалниот капитал на домаќинствата се важни за сите нивоа на образование за зголемување на можноста за посетување на училиште. Економскиот статус на семејството и логистичките ограничувања, како на пример, оддалеченоста од училиште или од јавниот превоз, влијаат врз фрекфенцијата на напуштање и доцнење кај адолесцентите. Постоењето на училиште во заедницата е главниот елемент кој влијае врз посетеноста на незадолжителните училишта (градинка и средно), факт кој што може да укажува на недоволноста на понудата на училиштата во Албанија. Да се биде “оставен дома„ се уште има позитивни ефекти врз веројатноста за

напуштање на училиштето заклучува анализа таза траењето која ја контролира дискретната природа на времето на собраните податоци.

Фокусирајќи се на Албанија, Pihlainen (2010) ја испитува хипотезата дали домаќинствата кои примаат пари од странство повеќе од другите домаќинства трошат за образование на своите деца. Во Албанија ова не секогаш се потврдува. Во многу случаи добивањето на дознаки од странство во домаќинството ги пренасочува ресурсите од образованието кон потрошувачката со цел да се ублажи сиромаштијата. Оттука, на долг рок инвестирањето во човечки капитал е нарушено од страна на потребите за потрошувачка. Дури помалку се троши за храна, а повеќе за трајни добра. Анализата укажува на тоа дека дознаките од странство не влијаат на ист начин врз сите видови трошоци на домаќинствата. Поточно, домаќинствата кои примаат пари од странство ги пренасочуваат ресурсите од образование кон трајни добра. Се докажува дека ова е резултат на ниските приноси од образованието за мигрантските работници во Албанија. Оттука, додека дознаките од странство имаат потенцијал да ја ублажат сиромаштијата и да бидат значаен извор на размена, се чини дека во случајот со Албанија, тие не обезбедуваат поттик за долгорочни инвестиции во човечкиот капитал, кој е важен фактор за економски раст. Покрај тоа, De la Garza (2010) анализирајќи ги различните образовни показатели, пол, групи, рурални/урбани области, степен на развој на земјата, тврди дека влијанието на миграцијата, а особено на дознаките врз образовните резултати е измешано. Понатаму, Miluka & Dabalen (2008) го истражуваат влијанието на меѓународната миграција, особено на дознаките од странство врз образованието, и покажуваат дека во случајот со Албанија постои слабо влијание врз човечкиот капитал од такви извори на приходи. Анализирајќи ги половите разлики и регионалните локации, негативното влијание е поголемо кај жените од руралните области. Овој нарушувачки ефект во семејната структура може да го промени раководството во семејството, давајќи им поголема моќ на постарите мажи кои се помалку образовани и помалку склони кон разбирање на важноста на инвестициите во човечкиот капитал, за разлика од нивните внуци. Затоа, можниот долгорочен ефект на миграцијата може да ги анулира ефектите од привременото подобрување во приходите кај домаќинствата. Во Албанија, повеќе мигрираат мажи и она што во најголем број случаи е забележано е отсуството на таткото.

Резултатите од истражувањето на Mangiavacchi and Verme (2009) за деца од основно училиште и адолесценти покажуваат негативни значајни коефициенти за должината на периодот додека се оставени дома. Секој нареден месец останат дома ја зголемува можноста за напуштање на училиштето за 0.8% (резултат 0) и за 1% можноста за присуство со задоцнување, додека за 1.7% ја намалува можноста за навремено запишување. Кај адолесцентите ова влијание е поголемо; секој нареден месец веројатноста за посета на средно училиште ја намалува за 16%, а за 15% ја зголемува можноста да не бидат запишани. Негативното влијание на овој феномен се намалува доколку е во подалечна иднина, како што е прикажано со коефициентот за времето од последното враќање, додека ефектот се зголемува со времетраењето на миграцијата.

Покрај тоа, истражувањето на Miluka & Dabalen (2007) кое го испитуваше влијанието на меѓународната миграција, особено влијанието на дознаките од странство, покажало дека

во случајот со Албанија нивното влијанието врз човечкиот капитал е слабо. Анализирајќи ги половите разлики и регионалните области, се заклучува дека негативното влијание е поголемо кај жените во руралните области.

Сеуште не се спроведени емпириски истражувања кои го испитуваат влијанието на дознаките од странство врз здравствената состојба на децата во Албанија. Narazani (2011) го претставува првиот обид во Албанија и покажува дека домаќинствата на мигрантите имаат пониски стапки на смртност на новороденчињата и повисока родилна тежина. Таа, исто така, го проучува механизмот кој придонесува да се подобри здравствената состојба на децата и смета дека образованието на мајката е поважно од нејзиното знаење за здравјето во објаснувањето на подобрувањето на здравјето на детето.

King (2005) врши преглед на миграцијата во Албанија и тврди дека миграцијата води кон напуштање на руралните заедници и фармите. Ова не влијаело единствено врз социјалниот живот во руралните области, туку и врз економскиот и еколошкиот: храната била увезувана и обработуваното земјиште се намалувало. Исто така, имало и напуштање на стари лица од страна на нивните синови и ќерки кои мигрирале. Дознаките од странство се само делумна компензација за семејствата. Позитивните влијанија на дознаките од странство се: економско подобрување, економски мултипликаторен ефект во локалните области, инвестирање во домашни бизниси и образование на најмладите членови на домаќинството, и намалување на нееднаквоста, бидејќи дознаките се праќаат главно во посиромашни домаќинства и посиромашни области. Дознаките од странство функционираат како механизам за ублажување на сиромаштијата во Албанија и за зголемување на приходот на домаќинствата над екстремно ниските нивоа. Во Албанија дознаките од странство или заштедениот капитал на оние коишто се вратиле се користи за подобрување на квалитетот на живот, како што се ново живеалиште или реновирање на постоечкиот станбени простор, набавка на потрошувачки добра, а само мал дел се инвестираат во продуктивни претпријатија.

## *Фокус на Македонија*

Што се однесува за Македонија, неколку истражувања од Markiewicz (2006), Dietz (2010), Uzunov (2011), Roberts и останатите, (2008) го анализирале текот на миграцијата, детерминантите на дознаките од странство, големината на дознаките од странство и важноста за економијата, можното влијание на текот на дознаките врз невработеноста, сиромаштијата и домаќинствата останати дома. Посебно, истражувањето на CPRM (2007) тврди дека исто така важни за пост-транзиционите економии, како што е Македонија се парите испратени од мигранти до нивните родни градови или села, или потрошени и инвестирани таму за време на нивните кратки посети. Истражувањето тврди дека дознаките од странство влијаат врз економскиот развој, врз ублажувањето на сиромаштијата, подобрувањето на нивото на образование, генерираат раст и инвестиции во нови вредности.

IPPR и GDN (2009) обезбедуваат важен преглед на влијанијата кои миграцијата ги има врз развојот и обезбедуваат дискусија за тековните политики од оваа област, како и некои

идеи за тоа како да се подобри влијанието кое миграциите го имаат врз развојот. Во однос на образованието, помладите деца во семејствата кои не примаат пари од странство имаат поголеми стапки на посетување на училиште. Од друга страна, што се однесува за постарите деца, дознаките може да ја намалат иницијативата на семејствата да ги пратат своите деца на училиште. Според тоа, дознаките од странство не се поврзани со стапката на запишување на факултет. Се чини дека отсуството на родителот не е поврзано со различните стапки на посетување на училиште кај помладите деца. Трудот укажува на понатамошна негативна поврзаност помеѓу бројот на отсутни мигранти и посетата на училиштата од страна на децата, но отсуството на родителите има значајно влијание во зголемувањето на бројот на децата запишани во училиште. Авторите нудат две можни објаснувања: првото, дека децата чиј родител е мигрант со цел за зголемување на домашниот приход, се мотивирани да одат на училиште бидејќи мислат дека нивниот родител се жртвува за нив; второто, дека родителот обично мигрира за да заработи пари за образованието на своите деца.

## *Заклучок*

Мал број на истражувања се спроведени за влијанието на дознаките од странство врз образованието и здравјето во Албанија и Македонија, но, особено за влијанието врз здравјето, што ја поттикнува потребата за понатамошно истражување во оваа област. Досега, истражувачите покажаа зголемен интерес за општото влијание на миграциите или дознаките од странство во земјите примачи - Албанија и Македонија, но помалку за влијанието врз инвестициите во човечкиот капитал, образовните достигнувања и здравствениот статус на децата во домаќинството на мигрантот или поинаку кажано децата останати дома. Недостасуваат емпириски истражувања кои се фокусираат на поврзаноста помеѓу дознаките од странство и образовните и здравствените резултати на детето, главно поради недостаток на потребните податоци за да се утврди влијанието на дознаките врз образованието на децата и здравствениот статус во Албанија и Македонија.

## За заклучокот

За многу земји, вклучувајќи ги и Албанија и Македонија, дознаките се помеѓу најважните извори на надворешно финансирање. Последиците од дознаките ги надминаа границите на едноставниот развој. Оваа студија обезбеди литературен преглед за влијанието на дознаките од странство врз редовното присуство во училиштата на децата во Албанија и Македонија. Литературата заклучува дека дознаките од странство имаат влијание (позитивно и негативно) врз образованието и благосостојбата на децата. Литературниот преглед, и покрај постоењето на спротиставени гледишта, го покажува влијанието на дознаките врз образовните и здравствените постигнувања во различни земји во развој.

Во последните години дознаките од странство брзо се зголемиле и се покажале како стабилен извор на финансирање и тоа може да биде олеснување во тешки економски времиња. Додека домаќинствата може да имаат придобивки од дознаките со

зголемувањето на готовината со која располагаат (намалување на ликвидносните ограничувања), миграцијата на некој член од семејството може да има штетно влијание врз благосостојбата на домаќинствата. Краткорочниот ефект на дознаките обично е поврзан со зголемувањата во потрошувачката, ублажување на сиромаштијата и нееднаквоста во приходите. Додека долгорочниот ефект е повеќе важен за социо-економскиот развој и посебно за образовните перформанси и подобрувањата на здравствениот статус. Бидејќи дознаките сами по себе, не намалуваат ничиј приход, нивното влијание врз сиромаштијата е корисно, но влијанието врз продуктивните инвестиции е ограничено. Постои емпириски доказ кој покажува дека дознаките од странство најмногу се трошат за основни егзистенцијални потреби, и откако тие се исполнети, најчесто се трошат за подобрување на домувањето и купување земјиште. Постојат и „социјални дознаки", што се однесуваат на прашања како што се идеите, однесувањата, идентитетите и општествниот капитал што се влева од примачките во испраќачките заедници на земјите за текот на дознаките кои се со различни социо-економски импликации врз општествата каде мигрантот ги испраќа.

Неколку истражувања покажаа дека има зголемување на образовните резултати кај членовите на семејството, како резултат на зголемувањето на готовината со која располагаат (намалувањето на ликвидносните ограничувања). Со намалувањето на ликвидносните ограничувања на домаќинствата, дознаките овозможуваат инвестирање во образованието. Како резултат на тоа, поврзани истражувања утврдиле дека децата кои живеат во домаќинства кои примаат пари од странство завршуваат повисок степен на образование (или повеќе учебни години) за разлика од другите деца. Неколку емпириски истражувања го нагласуваат потенцијалот на дознаките од странство за намалување на кредитните ограничувања и со тоа се зголемува на нивото на образование на децата во семејствата на мигрантите. Намалувањето на кредитните ограничувања им овозможува на домаќинствата без никакви пречки да се насочат кон постигнување на оптимално ниво на образование на децата, резултирајќи со повисоко образование за нивните деца. Најважна детерминанта за одењето на децата на училиште е тоа дали домаќинството може да си дозволи да го прати своето дете на училиште. Во врска со ова, миграцијата на член од семејството може да има други бројни ефекти врз образованието на детето. Миграцијата се смета важна за развојот на човечки капитал и за позитивните општествени промени, за циркулацијата на знаење и идеи и за придобивките од стекнатите вештини. Ова се позитивните ефекти. Негативното влијание врз образованието, како и да е, е резултат на социјалните последици од тоа што едниот родител е отсутен и на зголемената побарувачка за работа во домаќинството, што произлегува од губењето на работоспособните возрасни лица од домот. Исто така, спротивно од она што би се очекувало од влијанието на приходот како резултат на зголемување на приходот од неработоспособните лица, голем број на истражувања констатираат дека дознаките не го зголемуваат нивото на образование во различни услови. Ако кредитините ограничувања не се обврзувачки, тогаш дознаките од странство немаат влијание врз образованието. Како резултат на тоа, во врска со нивото на образование на децата, има две спротиставени влијанија на дознаките и миграцијата во семејството, кои можат да се опишат како нето дознаки (позитивни) и ефекти од отсуството (негативни). Затоа, влијанието на дознаките од странство врз

образованието е емпириско прашање кое се уште не е точно одговорено од страна на литературата.

Се претпоставува дека подобрената здравствена состојба на децата се должи на приемот на пари од странство. Дознаките овозможуваат подобрување на здравствените резултати со купување на средства за поголема грижа и исхрана и со зголемување на знаењата за здравјето кај членовите на семејството. Негативното влијание се очекува да се манифестира во пократкото време што родителите го поминуваат со децата, што е кратокорочен ефект. Долгорочно, дознаките овозможуваат значајни подобрувања на здравјето на децата. За разлика од децата на немигранти, помала е веројатноста децата на мигрантите да бидат доени, целосно вакцинирани, или одведени на лекар, намалувајќи ја смртноста кај доенчињата и зголемувајќи ја родилната тежина. Дознаките од странство, во домаќинството повеќе ги зголемуваат трошоците за здравствена нега и заштита за разлика од другите трошоци.

Малиот број на спроведени истражувања за влијанието на дознаките врз образовните и здравствените резултати во Албанија и Македонија, но особено за влијанието врз здравјето, ја поттикнуваат потребата за понатамошно истражување во оваа област. Досега, истражувачите покажаа зголемен интерес за општото влијание на миграциите или дознаките од странство во земјите примачи - Албанија и Македонија, но помалку за влијанието врз инвестициите во човечкиот капитал, образовните достигнувања и здравствениот статус на децата во домаќинството на мигрантот или поинаку кажано децата останати дома. Недостасуваат емпириски истражувања кои се фокусираат на поврзаноста помеѓу дознаките од странство и образовните и здравствените резултати на децата, главно поради недостаток на потребните податоци за да се утврди влијанието на дознаките врз образованието и здравствениот статус на децата во Албанија и Македонија.

**Библиографија**

Acosta, P., P. Fajnzylber, Lopez, JH. (2007): “The Impact of Remittances on Poverty and Human Capital: Evidence from Latin American Household Surveys” World Bank Policy Research Working Paper No. 4247, Washington.

Acosta, P. (2006): “Labour supply, school attendance, and remittances from international migration: the case of El Salvador”, World Bank Policy Research Working Paper No. 3903.

Amuedo-Dorantes, C. & Pozo, S. (2011): "New evidence on the role of remittances on healthcare expenditures by Mexican households," Review of Economics of the Household, Springer, vol. 9(1), pages 69-98.

Amuedo-Dorantes, C. & Pozo, S. (2010): "Accounting for Remittance and Migration Effects on Children's Schooling," World Development, Elsevier, vol. 38(12), pages 1747-1759.

Amuedo-Dorantes, C., & Pozo, S. (2006): Remittances and Insurance: Evidence from Mexican migrants. Journal of Population Economics, 19(2), 227-254.

Antman, Francisca (2005): “The Intergenerational Effects of Paternal Migration on Schooling”, Mimeo. Stanford University.

Azam, J.P. and Gubert, F. (2002): Those in the Kayes: The impact of remittances on the recipients in Africa. unpublished manuscript, University of Toulouse, http://info.worldbank.org/etools/reducingpoverty/docs/FullCases/ECA%20PDF/Albania%20Water%20Reform.pdf.

Azam, J.P. and Gubert, F. (2006): Migrants’ Remittances and the Household in Africa: A Review of Evidence. Journal of African Economies 15: 426–462.

Bansak, C., & Chezum, B. (2009): How do remittances affect human capital formation of school age boys and girls? American Economic Association Papers & Proceedings, 99(2), 145-48.

Bartlett, W. (2010): “The social impact of the global economic crisis in the Western Balkans with a focus on the Republic of Macedonia”, ISSN 2038-632X. PECOB's Papers Series.

Becker, G. (1974): A theory of social interactions. Journal of Political Economy, 82(6), 1063-93.

Beine, Michel, Frederic Docquier and Hillel Rapoport (2007): Brain drain and human capital formation in developing countries: winners and losers, Economic Journal.

Black, R., King, R. and Tiemoko, R. (2003): Migration, Return and Small Enterprise Development in Ghana: A Route of Poverty? University, of Sussex, Sussex Centre for Migration Research. Working Paper No. 9.

Borraz, F. (2005): “Assessing the impact of remittances on schooling: the Mexican experience”,

Global Economy Journal, 5 (1).

Calero, C., Bedi, A. J., & Sparrow, R. (2009): Remittances, liquidity constraints and human capital investments in Ecuador. World Development, 37(6), 1143-54.

Castañeda, E.,& Buck, L., (2011): "Remittances, Transnational Parenting, and the Children Left Behind: Economic and Psychological Implications." The Latin Americanist 55:85-110.

Chiquiar, Daniel and Gordon H. Hanson (2005): International migration, self-selection, and the distribution of wages: Evidence from Mexico and the United States, Journal of Political Economy, 113, 2: 239-81.

Commander, Simon, Maria Kangasniemi and Allan L. Winters (2004): The brain drain: curse or boon? A survey of the literature, in R. Badlwin and L.A. Winters, eds.: Challenges to Globalization, The University of Chicago Press, Chapter 7.

Cox, E., A., & Ureta, M. (2003): “International migration, remittances, and schooling: Evidence from El Salvador”, Journal of Development Economics, Special Issue, 72 (2), 429-61.

CPRM. (2007) “Strengthening Cross-Border Cooperation in the Western Balkan Regarding Migration Management – Macedonia”, Occasional Paper No. 12.

de Brauw, Alan and John Giles (2006): “Migrant Opportunity and the Educational Attainment of Youth in Rural China”, IZA Discussion Paper No 2326, September 2006.

de Brauw, A. and Rozelle, S. (2003): Household Investment through migration in Rural China. Williamstown, MA: Department of Economics, Williams College. Economics Department Working Paper.

de Brauw, A., Taylor, J.E. and Rozelle, S. (2003): Migration and incomes in source communities: A new economics of migration perspective from China. Economic Development and Cultural Change 52: 75–101).

De la Garzza (2010): “Migration, Development and Children Left Behind: A Multidimensional Approach” United Nations Children's Fund (UNICEF), Policy, Advocacy and Knowledge Management, Division of Policy and Practice, New York, 2010

Dietz, B., (2010) "Migration and Remittances in Macedonia: A Review", Osteuropa-Institut Regensburg, Working Papers, Nr. 281, February 2010.

Durand, J., Kandel, W., Parrado, E.A. and Massey, D.S. (1996): International migration and development in Mexican communities. Demography 33: 249–264.

Durand, J., & Massey, D. S. (1992): Mexican migration to the United States: A critical review. Latin American Research Review, 27(2), 3-42

Dustmann, C. and Glitz, A. (2011): “Migration and Education” Chapter 4, Handbook of the Economics of Education, Volume 4, 2011, Elsevier.

Dustmann, C. and Kirchkamp, O. (2001): The Optimal Migration Duration and Activity Choice after Re-migration. Bonn, Germany: Institute for the Study of Labour. IZA Discussion Paper, No. 266.

Elbadawy, A. & Roushdy, R. (2010): Impact of international migration and remittances on child schooling and chil work: the case of Egypt”, Economic Research Forum, WP. 545.

Emerson, P. M., & Portela Souza, A. (2008): Birth order, child labour and school attendance in Brazil. World Development, 36(9), 1647-64.

Frank, R., and Hummer, R.A. (2002). “The Other Side of the Paradox: The Risk of Low Birth Weight Among Infants of Migrant and Nonmigrant Households within Mexico.” International Migration Review 36: 746-765.

Funkhouser, Edward. (1992): “Migration from Nicaragua: Some Recent Evidence,” World Development, 20(8), pp.1209-18.

Giannelli, G. & Mangiavacchi, L. (2010): “Children's Schooling and Parental Migration: Empirical Evidence on the `Left-behind' Generation in Albania”, LABOUR, vol. 24, pp. 76-92.

Glewwe, P. (1999): "Why Does Mother's Schooling Raise Child Health in Developing Countries? Evidence from Morocco." Journal of Human Resources 34(1):124-159.

Grigorian, David A. and Tigran A. Melkonyan. (2008): “Microeconomic Implications of Remittances in an Overlapping Generations Model with Altruism and Self-Interest,” IMF Working Paper,WP/08/19.

Grossman, M. (1972), "On the Concept of Health Capital and the Demand for Health", Journal of Political Economy, 80: 223-255.

Hanson, Gordon H. and Christopher Woodruff (2003): Emigration and educational attainment in Mexico, Mimeo., University of California at San Diego.

Heckman, J. (1978) “Dummy endogenous variables in a simultaneous equation system, Econometrica 46 (1978) (4), pp. 931–959”.

Hildebrandt, N. and McKenzie, D. (2005) “The Effects of Migration on Child Health in Mexico”, Economia 6(1): 257-289.

Illahi, N. (2001): Children’s work and schooling: Does gender matter? Evidence from the Peru LSMS panel data. The World Bank, Policy Research Working Paper Series, No. 2744.

IPPR and GDN. (2009) “Development on the Move: Measuring and Optimising Migration’s Economic and Social Impacts. A Study of Migration’s Impacts on Development in Macedonia and how Policy Might Respond”, June, London: Institute for Public Policy Research.

Itzigsohn, José. (1995). “Migrant Remittances, labour Markets, and Household Strategies: A Comparative Analysis of Low-Income Household Strategies in the Caribbean Basin.” Social Forces, 74(2): 633-655.

Jensen, P., & Skyt Nielsen, H. (1996). “Child labour or school attendance? Evidence from Zambia”, WP 96-14, Centre for Labour Market and Social Research, University of Aarhus.

Kabki, Mirjam. (2003): “The Economic Impact of Remittances of Holland based Ghanaian migrants on rural Ashanti” Sussex Centre for Migration Research, International Workshop on Migration and Poverty in West Africa.

Kanaiaupuni, S. and Donato, K (1999): “Migradollars and mortality: the effects of migration on child mortality, Demography 36 , pp. 339–353.

Kandel, William and Grace Kao (2001): The impact of temporary labour migration on Mexican children’s educational aspirations and performance, International Migration Review, 35, 4: 1205-31.

King. R, (2005) “Albania as a laboratory for the study of migration and development”, Journal of Southern Europe and the Balkans 7(2), 134-155.

Konseiga, A. (2007): Household migration decisions as a survival strategy: The case of Burkina Faso. Journal of African Economies 16: 198–223.

Levitt, Peggy. (1998) “Social Remittances: Migration Driven Local-Level Forms of Cultural Diffusion” International Migration Review, Vol. 32, No. 4, pp. 926-48.

Lipton, M. (1980): Migration from rural areas of poor countries: The impact on rural productivity and income distribution. World Development 8: 1–24.

Lopez-Cordova, E., (2005): “Globalization, Migration, and Development: The Role of Mexican Migrant Remittances” Economia, Journal of the Latin, American and Caribbean Economic Association, LACEA, vol.6, num.1, Fall 2005.

Lucas, Robert E. B. (2005): “International Migration and Economic Development: Lessons from Low-Income Countries”, Northampton, MA and Cheltenham, UK: Edward Elgar.

Lucas, R.E.B. (1987): Emigration to South Africas mines. The American Economic Review 77, 313–333.

Lucas, R. E. B., & Stark, O. (1985): Motivations to remit: Evidence from Botswana. Journal of Political Economy, 93(5), 901-18.

Mansoor, A., and B. Quillin. (2007) Migration and Remittances: Eastern Europe and the Former Soviet Union. Washington DC: The World Bank.

Markiewicz,M. (2006) "Migration and Remittances in Macedonia", Centre for Economic Analyses, Skopje, October 2006.

McKenzie, D. J. (2007). Beyond Remittances: The Effects of Migration on Mexican Households. In C. y. M. S. Ozden (Ed.), International Migration, Remittances & the Brain Drain: The World Bank Palgrave McMillan.

McKenzie, D. J. & Rapoport, H. (2006): “Can Migration Reduce Educational Attainment? Evidence from Mexico.” World Bank Policy Research Working Paper No. 3952.

Mendola, M. (2004): Migration and Technological Change in Rural Households: Complements or Substitutes?. Milan, Italy: Centro Studi Luca D’Agliano. Development Studies Working Paper No. 195.

Menjivar, C. (2002): “The Ties that Heal: Guatemalan Immigrant Women's Networks and Medical Treatment”, International Migration Review, Vol. 36, pp 437-466.

Miluka, J. and Dabalen, A. (2008): Exploring the Role of Albanian International Migration on Education. Paper presented at Albania-World Bank conference.

Mines, R. and de Janvry, A. (1982): Migration to the United States and Mexican rural development –. A case study. American Journal of Agricultural Economics 64: 444–454.

Narazani, E. (2011): “The impact of Migration on Child Health Outcomes in Albania”, mimeo.

OECD. 2003. Trends in International Migration: SOPEMI 2002 Edition. Paris: OECD. 19

Park, a., Lee, L., de Brauw, A., (2010): “Parental Migration and Child Well-being in Developing Countries With Some New Evidence from China” mimeo http://ihome.ust.hk/~albertpark/papers/migration_child_well-being.pdf.

Pihlainen, D., (2010) “Migrants’ remittances and education: evidence from Albania”, Master thesis, University of Guelph Guelph, Ontario

Rapoport, Hillel and Frederic Docquier (2006): The Economics of Migrants’ Remittances, in S.-C. Kolm and J. Mercier Ythier, eds.: Handbook of the Economics of Giving, Altruism and Reciprocity, Amsterdam: North Holland. Vol. 2, Chap. 17, pp. 1135-98.

Roberts, B., Markiewitz, M., Nikolov, M., Stojkov, A. (2008) “A Study on Determinants and Trends in Remittances Flows in Macedonia”. Skopje: Centre for Economic Analysis.

Rozelle, S., Taylor, J.E. and deBrauw, A. (1999): Migration, remittances and agricultural productivity in China. The American Economic Review 89: 287–291.

Sana, M. & Massey, D, (2005): Household composition, family migration and community context: Migrant remittances in four countries. Social Science Quarterly, 86(2), 509-528.

Stark, O. and Bloom, D. (1985): The new economics of labour migration. American Economic Review 75: 173–178.

Stark, O. and Levhari, D. (1982): On migration and risk in LDCs. Economic Development and Cultural Change 31: 191–196;

Stark, O. (1991): The Migration of Labour. Cambridge, UK: Basil Blackwell.

Taylor, J.E., Arango, J., Hugo, G., Kouaouci, A., Massey, D.S. and Pellegrino, A. (1996): International migration and community development. Population Index 62: 397–418.

Taylor, J.E. and Wyatt, T.J. (1996): The shadow value of migrant remittances, income and inequality in a household-farm economy. Journal of Development Studies 32: 899–912.

Taylor, J.E., Mora, J., Adams, R. and Lopez-Feldman, A. (2005): Remittances, Inequality and Poverty: Evidence from Rural Mexico. Department of Agricultural and Resource Economics, U.C. Davis. Working Paper No. 05-003.

Vian T., and Burak L J. (2006): “Beliefs about informal payments in Albania”, Health Policy and Planning. 21 (5): 392-401.

Vidal, (1998): “The Effect of emigration on human capital formation”, in Journal of Population Economics, vol. 11, pp. 589-600.

Uzunov, V., (2011) “Macedonian Emigration: History, Trends and Current Profile”, Iustinianus Primus Law Review Vol. 2, No. 2, 2011.

Wahba, S. (1996): Temporary labour migration in Egyptian agricultural households: Implications for gender differences in school enrolment. Forum, 3 (4).

Woodruff, Christopher, and Rene M. Zenteno (2007): Remittances and micro-enterprises in Mexico”, Journal of Development Economics 82(2): 509-28.

Woodruff, C. and Zenteno, R. (2001): Remittances and Microenterprises in Mexico. University of California at San Diego. Graduate School of International Relations and Pacific Studies Working Paper. http://ssrn.com/abstract=282019.

Yang, D. (2008): “International Migration, Remittances, and Household Investment: Evidence from Philippine Migrants’ Exchange Rate Shocks,” in Economic Journal, Vol. 118, pp. 591-63.

Yang, D. (2006): “International Migration, Human Capital, and Entrepreneurship: Evidence from Philippine Migrants’ Exchange Rate Shocks”, Economic Journal.